РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-187/2

05-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-187/1 од 13.01.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот. Пријавата со придружните списи да се достави до Судски совет на Република Северна Македонија на надлежно постапување.

Предметот со број од 12-187/1 од 13.01.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.01.2020, добиена е пријава и оформен е предмет број 12-187/1 од 13.01.2021 година.

Во поднесената пријава подносителот изразува незадоволство од постапувањето на ///, судија на Основниот суд во Охрид за предмет ///. Подносителот наведува дека посочениот судија во претставката намерно не го повикал на расправа, ниту него како обвинет, ниту сведоците, поради материјален мотив, со цел да ги ослободи од одговорност останатите обвинети во случајот. Наведува дека погоре посочениот судија поклонил верба на исказот на сведок само затоа што тој сведок бил службено лице кое било вработено во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Бара ДКСК да преземе мерки и да го преиспита случајот, во смисла на тоа да се проверат и потврдат неговите наводи во пријавата и на основ на тоа да се изречат санкции за сите инволвирани страни. Во прилог на пријавата подносителот достави и докази.

По разгледување на наводите во пријавата и поднесените докази ДКСК констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот. ДКСК пријавата и доказите ќе ги достави до Судски Совет на Република Македонија за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.